# Living the Lotus 12

*Buddhism in Everyday Life*

2023
VOL. 219




Living the Lotus
Vol. 219 ( Декември 2023 )

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопѕ Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи


Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Болеста и болката се наши добри пријатели за да останеме здрави

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## дКога несреќата удира, сретнете ја со главата горее

8-ми Декември е денот кога Шакјамуни достигнал разбудување, кој ние благодарно и со почит го славиме со церемонијата на годишнина од Шакјамуновото достигнување на будаство. Затоа јас би сакал, заедно со сите вас, искрено да се осврнеме кон чудесноста на сретнување на учењата изложени од Шакјамуни и благословите кои ние ги примаме преку нив.

Во 1828, на 8-ми Декември,* истиот ден како Годишнината на церемонијата на Шакјамуновото достигнување на будаство, Зен мајсторот Рјокан (1758-1831) пратил писмо со сочуство кон пријател засегнат од голем земјотрес. Јас мислам дека во писмото од Рјокан, вистината осознаена од Шакјамуни е опишана исто како да Дармата беше жива, со крв циркулирајќи низ неговите вени.

Во неговото писмо, Рјокан го утешува неговиот пријател со зборовите: дДа се избега смртта и да се продолжи да се живее, само за да се доживее таква тага, мора да е многу болно.е Тогаш тој го советувал него, дСепак, кога несреќата удира, ти мораш да ја сретнеш несреќата со главата горе. Кога е време да се умре, ти треба да ја сретнеш смртта со главата горе. Така чудесната Дарма нè спасува од несреќа.е

Никој во овој свет неможе да ги избегне несреќите и страдањата на раѓањето, стареењето, болеста и смртта. Тоа што Рјокан сака да каже е дека избегнувањето на тие нешта е над моќта на човечките битија, и не постои ништо што можеме да направиме во врска со тоа, и затоа единствениот начин да се избегне да се биде скршен од болка и страдање е да се прифатат тие такви какви што се.

На прв поглед, дкога несреќата удира, сретни ја со главата горее е попрво ладна објава. Но секогаш кога јас ја гледам и слушам оваа фраза, јас сум погоден од нејзината оштрина и јасност, и мојот ум е освежен. Јас дури се чувствувам појачан од релацијата на доверба која Рјокан ја уживал со неговиот добар пријател (истата доверба која ја имаат членовите на Сангата меѓусебе), додека тој ја пренесувал Вистината со свеченост преплавена со сочуство, и неговиот пријател имал цврстина да го прифати тоа.

## Само дкултивирајте го Будистичкото срцее

Во Лотос Сутрата, напишано е дека дДевадата беше мој добар пријателе. Девадата бил верник и роднина на Шакјамуни, сепак тој се обидел да го убие Шакјамуни. Шакјамуни го нарекол овој човек дмој добар пријателе и согласно со Основачот Нивано, Девадата е како дпријател кој ги отвара нашите очи кон големото прашање како треба да го живееме овој животе. Понатаму, тоа беше Јокан (1033-1111), главниот проповедник во Храмот Зенринји во Кјото, кој рекол дболеста е навистина ддобар пријателее. Неговите чувства на благодарност се евидентни во неговите зборови дЈас бев болен и изнемоштен, но самата таа болест ме доведе до осознавање на Вистината и стекнување ослободување.е

Кога вие сте соочени со несреќа или болест, нормално е да чувствувате жал за себеси. Сепак, ако го прифатите тоа како правила на овој свет и ги направите нив ваши добри пријатели, наместо да бидете преплавени со болка и страдање, вие ќе се разбудите кон мудроста која ве движи напред смирено и силно.

Во изданието на ова списание од Јануари 2023, јас зборував за тоа како сме ние суштински енергетски битија. Од перспективата на Јокан, нашите тела и умови се природно наклонети да бидат здрави и енергетски, така да дури и да се чувствуваме лошо од време на време, ние треба да бидеме способни да ја трансформираме болеста во сила за живот.

Некој рекол дека тајната за добро здравје е дда се биде активен со целата ваша сила и имајќи добар ноќен сон,е што значи дека кога вие го давата најдоброто од себе да го направите тоа што морате, вашата латентна двитална енергијае влегува во игра. Додатно на тоа Ђ и дури поважно за нас Ђ ние на таков начин ја трансцедентираме алчноста и лутината, продолжувајќи во нашата ревносна практика од ден во ден со спокоен ум, и култивирајќи ги нашите Будистички срца.

Со цел да ја поминам новата година со дури повеќе виталност, јас би сакал пак повторно да го повикам Будата со обновени чувства и допирајќи го насловот на една од моите сопствени книги и користејќи други извори, да мислам повеќе за култивирање на Будистичко срце.

* Согласно на Јапонскиот лунарен календар, датумот е 8-ми Декември, 1828. Во Грегоријанскиот календар, (во моментот во употреба во скоро сите делови од светот, вклучувајќи ја Јапонија) овој датум е 13-ти Јануари 1829.

(Од *Косеи*, Декември 2023)

# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Животот на Шакјамуни Буда и учењата на Будизмот

### Параболата за волшебниот град

Кралот на одредена држава дарува награди на војниците кои се истакнале во битката во соодност со нивните достигнувања. Но единичен светол бисер, крунскиот драг камен во неговата свиткана коса, тој не го дава на никој затоа што овој бисер е така драгоцен да тој може да краси само глава на крал. Ако тој е даден на некој друг, примателот ќе биде вознемирен и ќе направи проблем. Сепак овој крал, кога тој е екстремно задоволен со глетката како неговите војници се истакнуваат, на крајот им го презентира нив неверојатниот бисер.

Шакјамуни исто така само ги подучувал учењата на Лотос Сутрата откако состојбата на умот на луѓето била издигната. Оваа парабола подучува дека Лотос Сутрата е врвното учење, и во истото време, тоа индицира дека со цел да се разбере врвното учење, ние треба да почнеме со основното учење.







**Дали знаевте?**

Оваа парабола се наоѓа во Поглавје 14 на Лотос Сутрата дМирни и прифатливи практикувања.е Крунскиот драг камен ги означува учењата на Лотос Сутрата. Кралот е наречен ддвигател на тркалото Ђ мудрец Ђ крале. Тој е идеален крал, кој го управува цел свет со правда.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

# Параболата за добриот доктор







**Дали знаевте?**

Оваа парабола е изнесена во Поглавје 16 на Лотос Сутрата, дЖивотниот век на вечниот Татхагата.е Будата никогаш не нѐ присилува нас да ги отвориме нашите усти и да го земеме лекот. Со други зборови, оваа парабола подучува дека е важно за нас да се стремиме и да ја разбереме вербата преку наша сопствена иницијатива.

Си бил еднаш мудар и добар доктор со многу деца. Еден ден, откако таткото заминал од дома заради работа, децата без да знаат испиле некој отров кој го нашле во куќата. Враќајќи се дома, таткото ги нашол децата болни од отровот, и затоа тој се обидел да им даде соодветен лек. Сепак, некои од децата ги имале целосно изгубено нивните умови и одбиле да го земат тоа. Тогаш, таткото си заминал повторно, оставајќи некој добар лек за нив, и пратил курир назад дома со вест дека тој умрел. Слушајќи ги новостите, срцата на децата биле исполнети со тага и мака. Но оваа тага направила да тие дојдат до нивниот разум, и тие го земале лекот и биле излечени.

Преку праќање на куририот да ги информира децата за неговата смрт, иако тој не бил мртов, таткото употребил вешти методи да ги ослободи децата кои не веруваа во добрите последици од лекот. дТаткотое го симболизира будата, ддецатае ги претставуваат живите битија, дпоследицитее ги означуваат учењата, и дослободувањее значи поврзување на живите битија со учењата на Будата.

# Причината зошто сте тука

## Градејќи ја иднината заедно

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Луѓето кои го занемаруваат минатото и живеат безгрижно во сегашноста малку веројатно дека ќе бидат почитувани од тие околу нив. Од друга страна, луѓето кои го негуваат минатото додека живеат целосно во сегашноста се почитувани. Сепак, постојат луѓе кои се заслужни за дури поголема почит: тие кои отвараат патеки за креирање на иднината.

Јас верувам дека вистинските практикувачи на Лотос Сутрата Ђ бодисатвите Ђ се луѓето кои отвараат патеки за иднината. Јас сум убеден дека луѓето кои, додека бараат разбудување за себеси, водат многу други луѓето на Патот на вистината, и се обидуваат да донесат дури малку повеќе среќа на сите со кои тие се сретнуваат, се луѓето кои ја градат иднината.

Јас имам многу добро мислење за поранешниот Американски Претседател Јими Картер. За време на неговото претседателство, Американските луѓе поставија многу барања кон него, и тој исто така се соочи со оштра критика дека неговите напори да промовира де́тенте (политика со цел да ја олесни Ладната Војна помеѓу Соединетите Држави и поранешната Советска Унија) отидоа толку далеку, дозволувајќи на Советската Унија да стекне нуклеарна супериорност.

Сепак, Г-дин. Картер беше претседател чие верување во мир беше вбризгано во се што тој правеше. Посветен Христијанин крстен на возраст од единаесет, тој беше човек кој, кога и да правеше клучна одлука која влијаеше на судбината на нацијата, би рекол дЈас барам водство од Господ во врска со оваа одлука.е

Јас ја имав честа да го сретнам Претседателот Картер во Белата Куќа кога Третото Светско Собрание на Религиите за Мир беше одржано во САД во Принцетон, Њу Џерси, во Август 1979. На таа средба, тој ни рече на нас, дВашата најголема задача е да едуцирате лидери. Ајде да се молиме за успех на вашата голема работа да го водите светот кон мир преку водење и негување водачи во сите полиња, не само во религиозниот свет, но исто така и во политичкиот свет.е

Денеска, во 1992, ладната војна помеѓу Истокот и Западот исчезна, де́тенте стана реалност, и нуклеарните оружја се на ниven пат да бидат напуштени. Напорите на Претседателот Картер да отвори пат кон иднината сега носат плодови. Како што Ришо Косеи-каи објави, организацијата продолжува да ја поддржува Фондацијата на Претседателот Картер, така да сите членови на Ришо Косеи-каи допринесуваат на неговите мировни иницијативи.

Сите од вас стремат во вашето бодисатва практикување да имаат грижа за луѓето блиски до вас и да им носат среќа. Баш преку напорите на поединците како вас дека ние можеме полека но сигурно да влијаеме на политиката на начини кои водат до мир. Јас мислам дека тоа е најдрагоцен начин да се биде во светот, знаејќи дека дЈас сум тука!е






# A Global Buddhist Movement




Information about local Dharma centers

facebook

twitter

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp